Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 02-944/1
01.07 2024 год.
ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 45 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 32/2020 и бр.111/2023) , Општина Чешиново-Облешево објавува

ЈАВЕН ПОВИК бр. 01/2024
за изработување на Стручна ревизија
на урбанистички план за село

Општина Чешиново-Облешево објавува јавен повик за изработување на Стручна ревизија на урбанистички план за село :

1. **Стручна ревизија на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, Општина Чешиново-Облешево**;

2. **Стручна ревизија на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 16 и Блок 25, КО Облешево, Општина Чешиново-Облешево**

1.Податоци за проектниот опфат:

Предмет на изработка :
1. **Стручна ревизија на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, Општина Чешиново-Облешево**.
Место: **село Чешиново, КО Чешиново**;
Проектниот опфат на урбанистичкиот план за Блок 5 и Блок 13 се наоѓа во плански опфат на Урбанистички план за село Чешиново донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019год. Границата на планските опфати се совпаѓа со границите на блок 5 и блок 13.
Вкупна површина на плански опфат: (Блок 5 и Блок 13) **П = 6,24ха**;
Корегирана површина на опфат: (коефициент =2) КП:12.48;
Важност на просторот:(коефициент =0.0) ВП 0.0
Центри во рамки на опфатот: (коефициент =0.0) ЦП 0.0
Фактор на изграденост: (фактор 0.1) ФИ=0.62
Фактори на сложеност:ФО1=0; ФО2=површина 3.2 фактор 0.25;ФО3=0;
Калкулативна површина:ПК=13.90

2. Стручна ревизија на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 16 и Блок 25, КО Облешево, Општина Чешиново-Облешево.
Место: **село Облешево, КО Облешево**;
Проектниот опфат на урбанистичкиот план за измена и дополна на УПС Облешево се наоѓа во плански опфат на Урбанистички план за село Облешево донесен со Одлука бр. 08-2211/1 од 25.11.2019год. ;
Границата на планскиот опфат се совпаѓа со граница на блок 16 и блок 25.
Вкупна површина на плански опфат : (Блок 16 и Блок 25) **П =5,11ха**,

Корегирана површина на опфат: (коефициент =2,2) КП:11.24;
Важност на просторот:(коефициент =0.0) ВП 0.0
Центри во рамки на опфатот: (коефициент =0.0) ЦП 0.0
Фактор на изграденост: (фактор 0.1) ФИ=0.51
Фактори на сложеност: ФО1=0; ФО2=површина 5.11, фактор 0.25; ФО3=0;
Калкулативна површина: ПК=13.03

2.Период на изработка на Стручна ревизија :
-5 дена од доставен предлог план во информацискиот систем е-урбанизам и доставено барање за ревизија од општината, за секој план поединечно.
-5 дена за повторна ревизија доколку е потребно.

Започнување на работите: по доставена верзија на предлог урбанистичкиот план за село во информацискиот систем е-урбанизам, согласно член 28 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 32/2020 и 111/2023) и договорот за изработка на Стручна ревизија на изменување и дополнување на урбанистикичкот план. Изработувачот на Стручна ревизија е должен да изврши стручна ревизија на предметните урбанистичи планови и по вградени забелешки во текот на постапката, се до добивање на согласност .
Стручната ревизија да се изработи врз основа на член 48 од Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 32/20 и 111/2023) и член 23 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 225/2020, 219/2021, 104/2022 и 99/2023);

3.Потребна документација за докажување и исполнување на критериуми:

На јавниот повик можат да се пријават правни лица со лиценца за изработување на урбанистички планови или важечка лиценца за ревизија на урбанистички планови согласно член 68 став 3 и 4 и член 103 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 32/20 и 111/2023), односно правни лица кои ги исполнуваат условите за вршење на стручна ревизија на урбанистички планови и урбанистички проекти.

Документација за докажување и исполнување на критериуми:

3.1 Како услов за докажување на способност за вршење на професионална дејност , правното лице да достави доказ дека е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка односно треба да достави Документ за регистрирана дејност – (ДРД- образец) или потврда за регистрирана дејност, не постара од 6 месеци;

3.2. При утврдување на способноста за вршење професионална дејност на понудувачот се бара и доказ издаден од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на набавка односно правното лице да достави важечка лиценца за изработување на урбанистички планови и Извод од регистарот на правни лица кои ги исполнуваат условите за вршење на стручна ревизија на урбанистички планови и урбанистички проекти согласно членот 68 став 3 и 4 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23) или важечка лиценца за изработување на

урбанистички планови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14….168/18) , со листа на минималниот број на вработени инжинери архитекти во работен однос на неопределено и полно работно време , не постара од 1месец од денот на отварање на понудата, и копија од потврда за исполнување на условот за вршење на ревизија на урбанистички планови или важечки овластувања за ревизија на урбанистички планови, пропишани според горе наведените закони.

Правното лице кое го изработило планот што е предмет на стручна ревизија, не може да ја врши стручната ревизија на истиот план.

4. Рок и начин за доставување н понудата :

Понудите да се достават најдоцна до (вторник) 16.07.2024год. до 15,00 часот преку архивата, на адреса Општина Чешиново-Облешево. Ул. Маршал Тито бб, 2301 Облешево, во плик со назнака „ НЕ ОТВАРАЈ“ и „ за ЈАВЕН ПОВИК бр.01/2024 “ . Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите нема да биде предмет на евалуација.

5.Датум, време и место на отворање на понудите:

Отварање на понудите ќе се изврши на 17.07.2024 год, во 15,00 часот (среда) , во просториите на Општина Чешиново-Облешево;

Комисијата за спроведување на постапка за јавниот повик ќе пристапи кон отварање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

6. Критериуми за доделување на договор на јавниот повик се:

-кадровска опременост ..... 30 бода
- техничка опременост ..... 20 бода
- референтна листа за извршени работи ..... 40 бода
- финансиска солвентност ..... 10 бода

6.1. Кадровска и техничка опременост на правното лице

За критериумот кадровска опременост се утврдени вкупно 30 бода. Кадровската опременост ќе се пресметува преку број на вработени инжинери архитекти и инжинери од други области релевантни за урбанистичкото планирање , при што бодовите ќе се доделуваат на следниот начин:

Ред. Бр.	елемент	Вкупно бодови	Критериум за евалуација		бодови
1	број на вработени инжинери архитекти и инжинери од други области релевантни за урбанистичкото планирање	30	инженери	1-3 лица	10 бода
				4-6 лица	20 бода
				7 и над 7 лица	30 бода

За докажување на кадровската опременост , правното лице треба да достави Изјава за кадровска опременост која ќе ги содржи релевантнте податоци и да достави доказ за вработени во работен однос на неопределено и полно работно време (листа на вработени од надлежен орган од Агенција за вработување не постара од 1 месец од денот на отварање на понудите и важечки потврди/овластувања);

6.2 Техничка опременост на правното лице

За критериумот Техничка опременост се утврдени вкупно 20 бодови. При тоа, техничката опременост ќе се пресметува преку доставена изјава со листа за техничка опременост на правното лице . Врз основа на доставената Изјава со листа за техничка опременоста се добиваат 20 бода;

6.3. Референтна листа за извршени работи :

За критериумот референтна листа за извршени работи се утврдени 40 бодови. Референтн листа за извршени работи ќе се пресметува преку број на доставени референци (потврди) за извршени работи за ист или сличен предмет на работи (изработени ревизии на урбанистички планови) од последните 3 години, издадени од страна на корисници на услугите и потпишани од овластени потписници при што бодовите ќе се доделуваат на следниот начин:

Ред. Бр.	критериум	Вкупно бодови	Критериум за евалуација	
1	референци (потврди) за извршени работи за ист или сличен предмет на работи од последните 3 години,	40	1-5 потврди 6-10 потврди Над 10 потврди	10 бода 20 бода 40 бода

6.4 Претходни позитивни стручни референци за ист или сличен предмет на работи (извршени ревизии на урбанистички планови) ;

-најмалку 3 потврди за извршени исти или слични работи во последните 3 години

6.5 Финансиска солвентност;

За критериум финансиска солвентност се утврдени вкупно 10 бодови. Финасиката солвентност ќе се пресметува преку вредноста на добивката за деловната 2023 година, а бодовите ке се доделуваат на следниот начин:

$$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Добивка за деловната 2023 година x максимален број на бодови (10)}}{\text{Највисока добивка за деловната 2023 година}}$$

-да остварил позитивен финансиски резултат за последните 2 години (2022 и 2023) со доставување на извештај за биланс на успех или завршна сметка заверени од надлежен орган ;

Правните лица кои нема да достават соодветни комплетни докази за докажување на утвдените критериуми за доделување на договор за јавниот повик, немаат можност за дополнување на документација, и ќе бидат евалуирани према првично доставената документација.

6.6 Вредност на понудата да биде согласно тарифникот за вредност на работите од урбанистичко планирање Бр.02-4059/1 од 07.06.2021година (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 140/2021);
Понудувачот треба да ги внесе единичните цени и вкупната цена на набавката во предмерот од Прилог 1.
Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот, да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно.
Понудата не е деллива.
Начин на плаќање: Вирмански , по доставена фактура за извршена услуга во рок од 60 дена.
Понудите кои не се предадени во определениот рок, како и оние кои не ги содржат сите потребни елементи согласно условите на повикот, нема да бидат разгледани.
Понудите ќе бидат оценувани комисиски со вреднување врз основ на доставената документација во горенаведение критериуми:

Напомена: Понудувачот со поднесување на понудата ги прифаќа роковите за изработка дефинирани во јавниот повик.При склучување на договорот ќе биде предвидена казна во висина од 0,05% од вредноста на услугата за секој ден задоцнување со исполнување на услугата .

За дополнителни информации, контакт лице: Марија Салтирова Јовановска тел.071 24 66 11 , е- mail: marijas.obleshevo@ gmail..com.

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

ПРИЛОГ 1

Ред. Бр.	Предмет на работа	Површина /ха	Цена без ДДВ	Цена со ДДВ
1	**Стручна ревизија на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, Општина Чешиново-Облешево**	**6,24ха;**		
2	**Стручна ревизија на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 16 и Блок 25, КО Облешево, Општина Чешиново-Облешево**	**5,11ха**		
3	**Вкупно**			